ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 – 998/20
Прилеп 09.06 2023 год.

Врз основа на член 363 став 1, член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва и член 49 став 1 алинеа 3 од Статутот на Тутунски комбинат АД -Прилеп, Собранието на акционери на продолжената седница одржана на ден 09.06.2023г. ја донесе следната :

# О Д Л У К А
## За отповикување на член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп

член 1

Татјана Стефаноска од Прилеп со адреса на живеење на ул.„Булевар Гоце Делчев" бр. 12/1-3, Прилеп и бр.л.к.А2317189 се отповикува од функцијата извршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп.

член 2

Се овластува регистрационен агент да поднесе пријава за бришење на упис во трговскиот регистар на Р.Северна Македонија на извршниот член Татјана Стефаноска.

член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно член 363 став 1, од Законот за трговски друштва Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, односно член на овие органи и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со овој закон поинаку не е определено, односно ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

Согласно член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор.

Доставено:
- Претседавач на собрание на акционери
- Претседател на Одбор на директори
- Одбор на директори
- Именованиот
- Архива

Претседавач
со Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" Прилеп 7 АД-Прилеп со П.О.